Архивски број: 08-172/3
08.04.2025 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-706/1 од 18.11.2024 година, поднесена од , од против ЈП Национални Шуми Скопје за сторена дискриминација во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на попреченост и здравствена состојба од страна на ЈП Национални Шуми - Скопје врз од Скопје во областа на работа и работни односи.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 18.11.2024 година лицето , со адреса на живеење на ул. бр. Скопје, поднесе Претставка бр. 08-706/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата). Претставката ја поднесува затоа што смета дека во текот на работниот однос врз него е сторена дискриминација од неговиот работодавач кој му врачил отказ поради неговата попреченост, на што тој поднел приговор по кој не добил одговор од работодавачот.

Во претставката подносителот наведува дека е лице со попреченост со сериозни здравствени проблеми и IQ 80. Има повеќе здравствени дијагнози: Е91.2 - Растројство на социјализирано поведение, 040 - епилепсија, К90.0 целијакија и ретка болест 084.1 хередитарен ангиоедем. Таквата состојба му предизвикува чести здравствени последици, вообичаено отоци на различни делови од телото поради кои често отекува и тоа значително му влијае на секојдневните обврски. Од причини што сака да работи и заработува, со неговата мајка во 2023 година, бил на процена на способноста за работа од страна на МКФ, каде е утврдено дека може да работи, со препорака за флексибилно работно време во зависност од неговата здравствена состојба. Тој бил вработен во ЈП Национални Шуми Скопје ПШС Караџица на работно место сечач, а при вработувањето неговите родители му објасниле на раководството со какви проблеми се соочува и какви видови на работа може да врши. Согласно Работен налог од 14.03.2024 година, бил распореден за извршување на работни задачи во дирекцијата на ЈП Национални Шуми Скопје, каде задачата му била изготвување на прегледни карти, работа која не е теренска и која овозможува канцелариско работење кое може да се прилагоди на неговата здравствена состојба и потреби. Потоа, на 16.08.2024 година, тој и уште двајца колеги, биле ополномоштени од страна на ЈП Национални шуми за подигање на пошта и распределување на поштата кај

соодветните лица во претпријатието. И таа работа можел да ја врши бидејќи движењето било ограничено. Сепак, наведува дека на ден 17.09.2024 година, добил Работен налог со кој се распределува на работна позиција шумски работник (редач, утоварувач, пошумување и други шумски работи). Во Налогот било наведено дека неговата работна позиција е сечач, а се прераспределува да врши работи на шумски работи во подрачното одделение во Драчево. Според него, работодавачот бил свесен, врз основа на целокупната доставена документација, дека тој нема здравствена способност да врши работа сечач, поради што и му била дадена работа правење на прегледни карти и курир до 17.09.2024 година. Верувајќи дека станува збор за недоразбирање, следниот ден по добивањето на работниот налог со татко му отишол во дирекцијата, каде што повторно ги доставил документите за неговата здравствена состојба, со намера да се исправи налогот, па наместо да биде испратен на терен во Драчево, да биде задржан во дирекцијата каде и работел претходно. Наместо корекција на Налогот, на ден 03.10.2024 година, добил Предупредување за наводно несоодветно вршење на работни задачи. Во Предупредувањето било наведено дека против него се водела дисциплинска постапка, за која воопшто не бил информиран ниту повикан. Напоменува дека во Предупредувањето не пишувало дека отсуствува од работа. Конечното решение со кое му бил прекинат работниот однос било донесено на 09.10.2024 година, односно само 6 дена откако му изрекле опомена во која му дале рок од 15 дена да се поправи. Според него, Решението за престанок се однесува на отсуство во денови кога бил на работа, односно наведено е дека отсуствувал на 17.09.2024 година, а тоа бил денот кога примил Работен налог за промена на работни задачи. Потенцира дека во сите денови за кои е наведено дека тој отсуствувал, доаѓал на работа во дирекцијата и чекал да добие работна задача која одговара на неговите можности. Наместо тоа, на 14.10.2024 година, му било кажано дека нема потреба воопшто да доаѓам затоа што му престанал работниот однос. Истакнува дека од сето наведено произлегува дека во многу краток период работодавачот се обидувал на секој начин да му го прекине работниот однос. Прво со промена на работни задачи, за кои бил свесен дека согласно здравствена состојба (епилепсија, растројства во однесување и ретка болест-хередитарен ангиоедем) и препорака од МКФ не може да ги работи. Потоа му изрекол Предупредување во постапка во која не бил воопшто поканет да се произнесе и конечно, најпрво не му дозволувал да се потпише во книга на присуство, а потоа врз основа на непотпишување, му го прекинал работниот однос без отказен рок. Тој смета дека таквите реакции на работодавачот во тој краток период од 17.09 до 14.10.2024 година, односно помалку од еден месец, се тенденциозни и дека неговиот отказ е спротивен на Законот за работните односи, а исто така претставува и дискриминација по основ на попреченост, бидејќи наместо да му се овозможило да ги извршува работните задачи на начин на кој е утврдено дека може, му се отежнувал работниот процес со намерно поставување на работни задачи кои биле опасни по неговото здравје. Следствено, бара од Комисијата да утврди дека целокупниот однос на работодавачот е дискриминаторски кон него, бидејќи се очекувало тој да се прилагоди на работните услови кои не смеел да ги работи. Тоа точно укажувало дека ЈП

Национални шуми не разбираат како се работи со лица со попреченост, што значи попреченоста и што значи разумно прилагодување на работното место.
Во прилог кон претставката во копии достави: Извештај од Службата за функционална процена на деца и млади на ЈЗУ Здравствен дом Скопје (МКФ) од 14.08.2023 година; Работен налог од 14.03.2024 година; Полномошно од ЈП Национални шуми до Македонска пошта од ден 16.08.2024 година; Работен налог од ден 17.09.2024 година; Предупредување од ден 03.10.2024 година; Решение за престанок на работен однос од 09.10.2024 година и Приговор против решение од 22.10.2024 година.

Комисијата ја достави на изјаснување претставката од подносителот до ЈП Национални шуми Скопје, со Барање бр. 08-706/2 од 27.11.2024 година.

ЈП Национални шуми Скопје на 16.12.2024 година, со Одговор бр. 02-722/2 од 11.12.2024 година, се изјасни за наводите во претставката. Во однос на наводите од претставката истакнуваат дека истите се неосновани во целост од причина што во прилог ја доставуваат пријавата по јавниот оглас 06/2023 со пропратна документација, каде има доказ лекарско уверение во кое подносителот негира психички и физички болести, како и дека нема во поблиската фамилија болни од епилепсија, наследни, нервни и душевни болести. Истакнуваат дека лекарското уверение е издадено 04.01.2024 година, од Поликлиника па според нив не е јасно како лицето не предочил на докторите, односно не е јасно од која причина го премолчил моментот дека има наод и мислење од 14.08.2023 година, во кое има насоки за вработување согласно неговата здравствена состојба. Наведуваат дека подносителот на претставката има поднесено пријава за вработување на работно место сечач во ЈП Национални шуми, работно место кое е од основната дејност и се врши исклучиво на терен и за кое истиот потпишал договор за вработување и бил запознаен за какво работно место се работи и каква тежина има истото. Исто така, истакнуваат дека тоа работно место е во категорија давател на јавна услуга Б04 - ниво и овие работни места од оваа категорија се теренски работни места и се вклучени во производството. Дополнително, известуваат дека Решението за престанок на работниот однос е донесено согласно член 37-ч став 5 алинеја 7 од Законот за јавни претпријатија, бидејќи именуваниот имал неоправдано отсуство од три последователни дена во месецот, а со оглед дека се работи за работно место од категорија давател на јавна услуга се применувал горе споменатиот закон. Наведуваат дека согласно член 37-о став 8 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), доколку управниот одбор не донесе одлука во рок од осум дена од денот на приемот на жалбата, вработениот во јавното претпријатие со статус на давател на јавни услуги во рок од 15 дена по истекот на осумте дена, има право да поднесе тужба пред надлежен суд. Па следствено известуваат дека подносителот има поднесено тужба до Основен граѓански суд Скопје. На крајот, истакнуваат дека нема никаква дискриминација по основ на попреченост, бидејќи подносителот доставил лекарско уверение дека е психички и физички здрав и способен за вработување на работното место - Сечач.

Во прилог доставуваат копии од Пријава за вработување со документација и Решение за престанок по сила на закон.

Комисијата на 29.01.2025 година, изврши увид во простории и документација во ЈП „Национални шуми" – Скопје, како и разговор со претставничката на ЈП „Национални шуми" – Скопје, . На увид се побараа договор за вработување со , , јавниот оглас на кој тој се пријавил како кандидат за вработување и писмени известувања од подносителот до работодавачот со кои го известил работодавачот за негова здравствена состојба. Во копии беа обезбедени Записник од вонреден инспекциски надзор на Државен инспекторат за труд, Решение за распоредување на работно место, Јавен оглас. Претставничката истакна дека не располагаат со информации за известувања од подносителот до работодавачот со кои го известил работодавачот за негова здравствена состојба. Таа истакна дека тие располагаат со лекарско уверение од подносителот, кое тој го има доставено со другата документација при конкурирањето на јавниот оглас, а согласно кое уверение тој бил психо-физички здрав за извршување на работните задачи од работното место за кое се пријавил на јавниот оглас. Истакна и дека тој конкурирал за работно место сечач во подружница „Јабланица" – Струга, за кое работно место по спроведување на постапката за вработување, бил вработен со склучување на договор за вработување. Бидејќи тој бил со место на живеење во Скопје, а по склучувањето на договорот, односно негово вработување на работно место сечач во подружница „Јабланица" – Струга, настапил процес на парламентарни и претседателски избори и не можело да биде со решение распореден на друго работно место, му излегле во пресрет и со работен налог му дале да извршува работни задачи во дирекцијата во Скопје. По официјалното завршување на изборниот процес, тој со решение бил распореден на работно место сечач за кое и конкурирал, во подружница на територија на Скопје, согласно неговото место на живеење. Претставничката истакна дека отказот од страна на работодавачот бил поради не доаѓање на работа три последователни дена, откако известиле од подружницата во која тој работел, а не поради негова попреченост, како што подносителот навел во претставката.

Дополнително на 31.01.2025 година, ЈП „Национални шуми" – Скопје преку електронска пошта го достави договорот за вработување со подносителот. Уште еднаш истакнаа дека доставениот наод и мислење за функционална анализа од ЈЗУ Здравствен дом на Скопје од 14.08.2023 година, од претставката и доставеното лекарско уверение со пријавата на огласот 06/2023 година имаат различна содржина, односно во лекарското уверение не е прикажана целосната здравствена состојба на подносителот на претставката, а видно од огласот се работи за работни места кои се терески и со употреба на физичка сила при што сметаат дека при вработувањето биле изоставени битни информации. Наведуваат дека по разговор со надлежните лица од ПШС Караџица – Скопје добиена е информација дека подносителот нема писмено доставено никаков документ за неговата здравствена состојба.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов

идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

Комплементарно, директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата не ги најде за веројатни тврдењата на подносителот на претставката, па ценејќи ги подеднакво изнесените факти и околности во претставката и наводите во изјаснувањето на ЈП „Национални шуми" – Скопје, заедно со прилозите кон истите, утврди дека врз подносителот не е сторена директна дискриминација врз основа на попреченост од страна на ЈП „Национални шуми" – Скопје.

Имено, за да постои дискриминација во согласност со член 6 и член 8 став 1 и во врска со член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, потребно е да бидат исполнети одредени услови. Комисијата при утврдување на фактичката состојба ценеше дали постои дискриминаторски основ каузално поврзан со одредено дејствие, односно повредата и дали постои повреда на право, односно во што се состои истата имајќи го во предвид наведениот дискриминаторски основ.

Во конкретниот случај Комисијата не најде дека дискриминаторскиот основ попреченост е во причинско-последична врска со некое од наведените дејствија на работодавачот, односно со престанокот на работниот однос. Подносителот на претставката во ниту еден момент не го направи веројатно тврдењето дека работодавачот бил запознаен со неговата здравствена состојба, односно како што самиот наведува со неговата попреченост. Дотолку што и самиот подносител се пријавил на јавен оглас за работно место – Сечач, за кое однапред ги знаел условите за работа, кое вработување се спроведува врз основа на општите прописи за работни односи, а не се предвидени посебни прописи за вработување на лица со попреченост.

Комисијата ги ценеше наводите на работодавачот како веродостојни факти, дека истиот не бил запознаен со здравствената состојба на подносителот и дека дејствијата на работодавачот во форма на работни налози за вршење на работни задачи во дирекцијата во Скопје и подоцна во подружницата Караџица, предупредувањето во однос на извршувањето на работните задачи и решението за престанок на работниот однос се поврзани со други причини, а не со здравствената состојба на подносителот.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација,
Претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*

1. ,
2. *ЈП Национални шуми Скопје*
3. *Архива на Комисијата*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk